**643.**

Врз основа на член 158-ѕ точка 7) и член 158-љ став (2) и (4) а во врска со член 158-љ став (1) од Законот за супервизија на осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр.27/2002, 79/2007, 88/2008, 67/2010, 44/2011, 188/2013, 43/2014, 12/2014, 153/2015 и 192/2015), Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување на седница одржана на ден 29.1.2016 година донесе Тарифник за изменување и дополнување на тарифникот за содржината и висината на надоместоците и давачките што ги наплатува агенцијата за супервизија на осигурување и роковите за уплата

## ТАРИФНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ТАРИФНИКОТ ЗА СОДРЖИНАТА И ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОЦИТЕ И ДАВАЧКИТЕ ШТО ГИ НАПЛАТУВА АГЕНЦИЈАТА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ И РОКОВИТЕ ЗА УПЛАТА

Член 1

(1) Во Тарифникот за содржината и висината на надоместоците и давачките што ги наплатува Агенцијата за супервизија на осигурувањето и роковите за уплата („Службен весник на Република Македонија" бр. 147/09, 149/09, 154/09, 20/2012, 130/2013 и 1/2015), во член 3, во тарифен број 3., во колоната „Вид на услуга/надоместок" зборовите: "Надоместоци што се наплаќаат од друштвата за застапување во осигурување" се заменуваат со зборовите: " Надоместоци што се наплаќаат од друштвата за застапување во осигурување и банките кои вршат работи на застапување во осигурување".

(2) По тарифниот број 3.1, во колоната „Тарифен број" се додава нов тарифен број: „3.2", во истиот тарифен број во колоната „Вид на услуга/надоместок" се додаваат зборовите: „Годишен надоместок за спроведување на супервизија на банки кои вршат работи на застапување во осигурувањето" и во колоната „Износ на надоместок во денари" се додаваат зборовите: „0.8% од вкупниот приход од провизија од извршени работи на застапување во осигурувањето во претходната година ".

(3) Тарифниот број 3.2, станува тарифен број 3.3.

(4) По Тарифниот број 3.3 во колоната „Тарифен број" се додава нов тарифен број: „3.4", во истиот тарифен број во колоната „Вид на услуга/надоместок" се додаваат зборовите: „Надоместок за издавање согласност за вршење работи на застапување во осигурување од страна на банка" и во колоната „Износ на надоместок во денари" се додаваат зборовите: „ 90.000,00 ".

(5) Тарифниот број 4.10 се брише.

Член 2

(1) Во член 4, ставот (1) се менува и гласи:

„(1) Надоместоците утврдени во тарифните броеви од 1.2 до 1.14, 1.17, 2.2, 3.3, 3.4 и од 4.1 до 4.9 од член 3 од овој Тарифник се уплаќаат во целост во моментот на поднесување на барањето за вршење на одредена услуга наведена во член 3 од овој Тарифник„.

(2) Во ставот (2) зборовите: „Годишниот надоместок за спроведување супервизија утврден во тарифните броеви 1.1, 2.1 и 3.1 од член 3 од овој Тарифник друштвата за осигурување, осигурително брокерските друштва и друштвата за застапување во осигурување„ се заменуваат со зборовите: „ Годишниот надоместок за спроведување супервизија утврден во тарифните броеви 1.1, 2.1, 3.1 и 3.2 од член 3 од овој Тарифник друштвата за осигурување, осигурително брокерските друштва, друштвата за застапување во осигурување и банките кои вршат работи на застапување во осигурувањето".

(3) Во ставот (3), по алинеа 2 се додава нова алинеа 3 која гласи:

"- кај банките кои вршат работи на застапување во осигурување, вкупните приходи од провизии за извршени работи на застапување во осигурувањето, искажани во кварталните статистички извештаи што банката ги доставува до Агенцијата согласно законот."

Член 3

Годишниот надоместок за спроведување на супервизија утврден во тарифниот број 3.2 од член 3 од овој тарифник кој се однесува на првиот квартал од 2016 година, банките ќе го уплатат најдоцна до 1 март во 2016 година.

Член 4

Овој тарифник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 02-131/5
29 јануари 2016 година
Скопје

Совет на експерти
Претседател,
**Климе Попоски**, с.р.

Службен весник на Република Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

**Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о. - Скопје**
**бул. „Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.**
**в. д. директор и одговорен уредник – м-р Тони Трајанов**
**телефон: +389-2-55 12 400**
**телефакс: +389-2-55 12 401**

**Претплатата за 2016 година изнесува 10.100 денари.**
**„Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба.**
**Рок за рекламации: 15 дена.**
**Жиро-сметка: 300000000188798.**
**Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.**
**Печат: ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР ДООЕЛ, Скопје.**

ISSN 0354-1622

2016022